# SPIRITUALITY AND TOLERANCE: THE CASE OF NORTH MACEDONIA

**Ali Pajaziti**
Faculty of Contemporary Social Sciences, South East European University, a.pajaziti@seeu.edu.mk

**Abstract:** Tolerance is one of the values that is becoming more and more important in different world agendas, especially at a time when theories of conflicts between cultures, civilizations and religions are being furiously propagated, and when the world is facing a multidimensional crisis. Today, tolerance is needed as air. Its spirit should be distributed in all dimensions of life, it must "be applied as a principle in education; we need to build generations in conjunction with this crucial value. (Yilmaz, 2004: 109)

Religious tolerance implies the generosity that one shows to another religion, outside of their own; it is a moral determination to keep the supporters of that religion calm in practicing their spirituality in private and public life, although they may absolutely disagree with it and consider it false faith. (Pohle, 1912)

Religion and tolerance are related in both theoretical and practical terms. It has been shown by numerous examples in history, close and distant, as well as by the current situation in global terms. Religious tolerance implies that a person does not discriminate another person's religious beliefs even though he may think that they are or can be wrong. The tolerant way of thinking based on dialogue reduces the number of dogmatic people among the wits, fanatics and extremists among the believers, and tyrants among the politicians. (Šušnjić, 2004: 1, 7-16)

The majority of citizens consider religion as a driving force in the way of creation of a tolerant, multiultural and cohesive society. This paper deals with binom spirituality and tolerance in the North-Macedonian Context. Methods use in the research are descriptive, content analysis, case study etc.

**Keywords:** Spirtuality, religion, tolerance, North Macedonia

# ДУХОВНОСТ И ТОЛЕРАНЦИЈА: ПРИМЕРОТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Али Пајазити**

Факултет за Современи Општествени Науки, Универзитет на Југоисточна Европа, a.pajaziti@seeu.edu.mk

**Абстракт:** Толеранцијата е една од вредностите која што од ден на ден добива важно место во светската агенда, особено во денешто време кога се лиферуваат теории за конфликти помеѓу култури, цивилизиции, релииги, и незнаењата, кога светот се соочува со многудимензионална криза. Денес толеранцијата е потребна како воздухот. Нејзиниот дух треба да го дистрибуираме во сите пори на животот, таа „да се аплицира како принцип во образованието, потребно ни е да градиме генерации во содејство со оваа круцијална вредност. (Yilmaz, 2004: 109) Религиозна толеранција подразбира великодушност која човекот ја покажува кон друга вера, надвор од сопствената, морална определба приврзаниците на таа религија да се оставаат спокојни во практицирањето на нивната духовност во приватниот и јавниот живот, иако абсолутно не се согласува и ја смета таа вера за лажна *(false faith)*. (Pohle, 1912)

Мнозинството граѓани ја сметаат религијата како движечка сила во создавањето на толерантно, мултикултурно и кохезивно општество. Овој труд се занимава со биномот духовност-толеранција во контекст на Северна Македонија. Од истражувачките методи користени се дескриптивната, анализата на содржина, студија на случај итн.

**Клучни зборови:** духовност, религија, толеранција, Северна Македонија

*„ Дај да помогнеме едни на други да го носиме товарот на овој тежок минлив живот; да малите разлики во нашите слаби тела, на нашите плитки јазици, на нашите смешни традиции, несовршени закони, бесмислени ставови, различните услови коишто за Тебе не се разликуваат, да сите овие ситници меѓу трошките наречени луѓе не бидат знакови за омраза и прогон!„*

***Волтер***

## 1. ВОВЕД

Толеранцијата е една од вредностите која што од ден на ден добива важно место во светската агенда, особено во денешто време кога се лиферуваат теории за конфликти помеѓу култури, цивилизиции, релииги, и незнаењата, кога светот се соочува со многудимензионална криза. Денес толеранцијата е потребна како воздухот. Нејзиниот дух треба да го дистрибуираме во сите пори на животот, таа „да се аплицира како

принцип во образованието, потребно ни е да градиме генерации во содејство со оваа круцијална вредност. (Yilmaz, 2004: 109)

Толеранцијата е власт на човекот со висок степен на интелигенција. Интелигентните луѓе првин се трудат да го спознаваат другиот, па потоа да судат за него. Човекот е непријател на тоа што не го знае. Запознавањето е предуслов на дијалогот, разбирањето и толеранцијата.

Целта на ова истражување е да се акцентира потребата за сочување на традиционалниот дух на толеранција (кој корените ги има во таканеречениот Отомански мултикултурализам) на ова поднебје, но и во подобрување на меѓуверските и меѓукултурните односи, сплотување и подигање на свеста кај верниците за соживот, зајакнување на општествениот мир и правилен пренос на позитивни пораки преку верските обреди-ритуали (како секојдневни молитиви, петочен намаз и предавање, црковни молитви), јавни настапи, интервјуа итн.

Темата е актуелна и локално имајќи ја предвид состојбата на етничка и религиска тензичност, поставување верски и етнички симболи на јавен простор, злоупотребата на верата и нацијата за остварување на одредени политички цели (Види: Siblot, 1997). Научното третирање на оваа проблематика, религија и толеранција, е многу важен акт имајќи ја предвид мултикултурната и мултирелигикста структура на земјата, фактот дека на верска основа населението на РМ е мултиконфесионална, поделено на две поголеми религиски припадности, **група 1** *православни*: македонци, срби, власи; **група 2** *муслимани*: албанци, турци, роми, македонски муслимани.

Различноста, која што е историски феномен сеприсатен во нашето општество, имлицира во себе и ризик на поделби, недоразбирања, па и конфликти, нешта кои што се доживеани во последните декади на Балканот, каде што *религиската другост* беше разлог за поделби, војни, за феноменот наречен „балканизција„. Во нашиот контекст сведоци сме на турбуленции во сферата општествениот мир и толеранција како и злоупотребата на религискиот дискурс и кај двете главни институции на верата, ИВЗ и МПЦ, вовлекување на верските службеници во одбрана или напад на одреден текст, симбол или акт на својата/другата заедница, непромислени изјави, политизирање на религиски компоненти итн.

Овој лабилен општествен театар, како и позицијата на верските заедници како „дежурни бранители„ на одредени дела на политиката и нејзините преставници, ја пробуди идејата за иницирање на овој проект кој што пред се цели да го третира овој проблем научно и институционално, преку истражување за степенот на верската толеранција. Целта на ова истражување е придонес во зајакнувањето на општествениот мир преку воспоставување на добри релации на теренските службеници на конфесиите (оџите и поповите), реадресирање на нивната улога во јавниот живот и правилниот пренос на пораки на верските обреди. Со малку зборови, целта ни е подобрување на дијалогот во контекстот на феноменот религија и религиската толеранција, а тоа поминува преку разбирањето на вистината на новото време на религискиот ревивализам, на преку разбирањето на религиските идентитете и партикуларизми. Може да кажеме дека нема мир во национално ниво без позитивна свест за религиското виножито кое што е *differentia speciffica* на Република Македонија. Оваа теренско истражување ќе ни служи како добро мерило на верската толеранција или предрасудите во односите меѓу општествените групи, користејќи ги резултатите од анкетата како инструмент за проценка на штетите предизвикани од последните случување во сферата на религијата и политиката (како на пример „крстот во Бутел„ и „орелот во Чаир„, 2015).

## 2. ТОЛЕРАНЦИЈА И РЕЛИГИЈА

„Толеранцијата и религиската хармонија му немаат наштетено на никому, нетолераницјата е таа која што го има проузрокувано овој колеж кого го живееме заедно!„ Вака Волтер во далечната 1763 се изразува во својот *Спис за толеранцјата*, една од најдобрите книги напишани за соодносот помеѓу верата и индивидуата.

Толеранцијата е термин кој што се надврзува со интеркултурнта комуникација, во буквален превод значи „Јас не се согласувам со тебе но поради некои поголеми интереси те прифаќам за реалност„. („На иста страна„ 5-та епизода). Некои толеранцијата ја нарекуваат и контролирано несогласување *(sublimated disapproval)* (Rangus, 2001). „Толеранцијата е услов за развој на личноста, како што кислородот е услов за дишењето. Човекот е толерантен тек кога нешто ќе посвои од човекот со кој не се сложува„. (Šušnjić, 2004: 1, 7). Толеранцијата претставува средишна положба меѓу неподносливоста и потполното прифаќање. Како таква таа најчесто е нестабилна положба, која може да се сврти кон една или друга насока. Толеранцијата е еден поим со психо-социјална димензија кој што произлегува од комуникацијата со другите луѓе. Таа е агенс за надминување на проблемите кои што ги генерира заедничкото живеење, агенс за креирање на клима на кохерентност и здрави релации. Толеранцијата преставува основа за оптимистички живот каде што

доминираат сигурноста и почитта, за развивање на идејата за мирот помеѓу религиите, културите, етникумите, традициите. Толеранцијата не учи дека може да имаме различни идеи, ставови убедувања, и дека тоа не е ненормална состојба, дека почитта е тлото на коегзистенцијата.Таму каде што нема толеранција има фанатизам, а каде има фанатизам, последицата е повредата на мирот. (Yılmaz, 2004: 111)
Духот на толеранцијата може да се развие во секое време и во секое општество, врз основа на некои правила:

- Можност на индивидуите слободно да ги изразат своите мисли и ставови.
- Почит кон принципот на основните права и слободи.
- Чувство за вминателно (и без предрасуди) слушање на другиот, за емпатија и разбирање на чувствата, идеите и начинот на живеење на соговорникот.
- Сериозно вреднување на сите препораки за решавање на проблемите за кои нема консензус.
- Труд за изнаоѓање на заедничко тло за разните идеи и практики. (ibidem, 112)

Религиозна толеранција подразбира великодушност која човекот ја покажува кон друга вера, надвор од сопствената, морална определба приврзаниците на таа религија да се оставаат спокојни во практицирањето на нивната духовност во приватниот и јавниот живот, иако абсолутно не се согласува и ја смета таа вера за лажна *(false faith)*. (Pohle, 1912)
Религијата и толеранцијата се поврзани како во теоретски така и во практичен смисол. Тоа го покажуваат многубројни примери од историјата, блиска и далечна, но и актуелната состојба во глобални рамки. Религиската толеранција подразбира дека личноста не ги дискриминира религиските убедувања на другиот макар мислел дека тие се грешни. Толерантниот начин на мислење базиран врз дијалог го намалува бројот на догматиците меѓу мислителите, на фанатиците и екстремистите меѓу верниците, и тираните меѓу политичарите. (Šušnjić, 2004: 1, 7-16)
Синтагмите верска толеранција и верски плурализам имплицираат дека освен нашите верувања и практики, во светот има и други луѓе кои кои исто така веруваат и живеат, зато треба да покажее рабирање и нивните сфаќања. (Günay, 1998: 428, Yılmaz, 2004: 113). Почитта кон религиозната другост е многу важно особено во рапидно променливите услови на векот во кој што живееме, кога е невозможно сите припадници на едно општество да имаат иста вера или верски ставови. Најголема препрека за верската толеранција човекот или одредена група да претендира дека нејзиниот концепт за религијата е единствената вистина и истата да се труди да им ја наметне на другите. (ibidem)
Толеранцијата во доменот на религијата може да има повеќе форми: психолошка толеранција, која се засновува врз поголем број психички елементи, какви што се: милосрдност, попустливост, благост, умереност, пристапност; легална или правна толеранција, која, во прв ред, претставува право на исклучување од конформизмот кон државната религија; теолошка или догматска толеранција, која претставува право да се имаат поинакви или девијантни погледи во рамките на одредена религиска перспектива; еклесијастичка толеранција, која претставува толеранција на доминантната црква кон останатите цркви. (Ташева, 30)
Според Сергеј Флере, доследното реализирање на начелото на одвоеноста на црквата од државата е нужен институционален услов за остварување на начелото на толеранцијата. (Kuburić, 2013: 30) Наспроти тврдењето дека религијата произведува конфликт, таа во себе содржи и потенцијал за постигнување на помирувањето на расна и политичка основа, кои се тесно поврзани. (Hammerman, 2009, ibidem, 33)

## 3. ДУХОВНОСТ, ТОЛЕРАНЦИЈА, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Македонија претставува една историска, политичка, економска и културна реалност на Балканот која што е позната по својата етничка и културна разноликост. Некои автори РМ, ја опишуваат како епицентар или „срце на Балканот„. Нејзината територија во сите периоди на човековата историја била дел на големи империи и цивилизации. Поради поволната географска позиција, како крстопат на цивилизациите и религиите, во историјата е позната како "Catena Mundi". (Muhiq, 2007: 4). Таа е културен мозаик, со мултиетничка и мултиконфесионална подлога, *unitas multiplex*, таа е коридор каде се спојуваат Истокот со Западот, исламот и христијанството итн. Ова го илустрира симболиката на културните компоненти од исламска и православна провиниенција, џамиите, црквите кои се сретнуваат на четирите страни на оваа земја.
Културниот мозаик наречен Р. Македонија кој што е посебен со "длабоката разноликост" (Taylor, 1994) преставува природна состојба на ова земја. Ако се следат статистичките податоци ќе видиме дека тука гравитираат разни етнички и религиозни припадности. Оваа разноликост во Македонија постои уште пред

мултикултурализмот да се појави како теорија и политика. Таа е постара од поимот на мултикултурализмот кој што има четиридецениска историја и се надоврзува со современото сфаќање на човековите права, особено со културните права. Старите империи од античките времиња биле формации каде што коегзистирале разни заедници, вери, култури, етникуми кои се испреплетувале меѓу себе.

Отоманската империја, културната различност ја дефинира по пат на културните и верските права на неисламските (христијански и еврејски) заедници. Овој систем наречен систем на *милетите* (религиските заедници), овозможил регулирање на меѓуетничките, религиозните и јазичните прашања, промовирајќи толеранција за сите.. Но во постотоманскиот период, на Балканот, нештата почнуваат да се развиваат во негативна насока, конфликти, војни, геноци д, насилни миграции. За време на комунизмот нештата како да беа ставени по тепих. Со падот на системот се случи Југословенската катаклизмата, од којашто Македонија излезе со најмалку последици (исклучувајќи ја Словенија која не се смета за Балкан). Но тензиите, особено меѓу двете најголеми етнички заедници беа видливи. Во оваа фаза излезе на виделина дека всушност нашата демократија е ограничена демократија (И. Ацески), ата од политиките од после 2006 се повеќе наликуваа на концептот на Ф. Закариа за нелибералната демократија.

Фактите велат де Македонија се познава како мултиетничка, мултулингвална и мултиетничка, „како столб на толеранцијата и почитта на униведалните цивилизациски вредности„ (Pavlovska, 2011: 3), односите помеѓу различните ентитети, особено помеѓу најголемите, Македонци-Албанци рефлектираат паралелизам и нестабилност, вклучувајќи ја религиозната сфера, на релацијата православни-муслимани.

Според аналитичарите, пост-рамковна Македонија којашто требаше со сигурни чекори да напредува во процесот на внатрешниот мир и европеизацијата, стана оаза на статичноста, на тензичноста, на партитократијата и пример на поделено општество *(divided society)*. Од конфликтот 2001 се прават чекори за репацификација и приближување помеѓу етничките и религиозните заедници во РМ. Наспроти тензичната религиозност започната со гаѓање и рушење на верски објекти во конфликтот од 2001, изразена преку акти како недавање дозвола за реизградба на џамии (Прилеп), градење на провокативни сакрални објекти (крст на Скопско кале), грандиозни крстови (Водно, Аеродром), скрнавење на светињи (карневалот во Вевчани), случајот „Монструм„ каде „несреќно одбрана квалификација доведе до масовни протести„ итн., има иницијативи и за градење на меѓурелигиски мостови, за религиски дијалог. Од ваков карактер беше иницијативата на добра волја на бившиот претседател Трајковски, форумот за дијалог меѓу цивилизациите, одржан 2003 во Охрид. Ова позитивна клима продолжи со Светската Конференциите за Меѓурелигиски и Меѓуцивилизациски дијалог кои се одржаа 2007, 2010 (Охрид) и 2013 (Скопје), којашто беше бојкоирана од страна на ИВЗ. На последната беа третирани теми како „Плуралистичните општества и религиската толеранција„ Судирите во модерните времиња и предизвиците на заедничкиот живот во мир„ „Соживот со почит на разликите„ „Придонесот на медиумите во меѓуверскиот и меѓукултурниот дијалог„ итн.

Друг факт што загрижува е што последните инциденти меѓу младите имаат верски белези. Зборно место при организирањето собири беа Соборниот храм, односно џамијата Јаја-паша, поради што и еден дневен весник излезе со насловна страна дека во Македонија се закажуваат верски војни. „Настани со верски белег се заканија сериозно да ја дестабилизираат државатаа ситуацијата која излезе од секаква контрола, наместо верските, мораа да ја менаџираат политичките лидери во парламентот. Власта, сакајќи да побегне од етничкиот, се префрли на верски план, што ѝ се врати како бумеранг, многу поголем и пострашен. Се чини дека Република Македонија не извлече поука од 2001 година и изминатите, веќе 12, години, многу малку се инвестираше или, пак, можеби не се препознава толеранцијата, посебно меѓуконфесионална. Република Македонија не извлече поука ниту од случувањата во глобални рамки (објавувањето карикатури со пророкот Мухамед, палењето на Куранот, спорниот филм и сл.) за да се сфатат верските чувства и нивната ерупција. Верските заедници како да не ја сфаќаат својата улога во овие процеси, посебно важна во мултиетнички средини, каде на некој начин, покрај тоа што се лидери на верски, истовремено, на некој начин се и лидери на етнички заедници. Иако заборавија на оваа улога, МПЦ и ИВЗ како да се ограничени со својот конфесионалн амбиент и не комуницираат. Пострашно, почнуваат и рововски препукувања што повторно може да се покаже крајно опасно по самата држава. Дополнително, одговорноста кај верските лидери ја зголемува фактот што македонските граѓани се меѓу најрелигиозните на Балканот.„ (http://republika.mk/83274)

Нестабилните меѓурелигиски односи ги потврдуваат и разните меѓународни извештаи. Во извештајот на Стејт Департментот за 2013 се наведува дека политизацијата на верските прашања која има негативен ефект врз верска толеранција, дека „владејачката коалиција во која доминира македонска партија со православна ориентација ја политизира верата за нејзини сопствени политички цели, повикувајќи се на верските уверувања и идентитетот на мнозинството во земјата и со помош на МПЦ.„ (slobodnaevropa.mk) Во

извештајот од 2014 се акцентира градбата на религиозните објекти кои често маркираат етничка или политичка територија, додека во тој од 2016 се вели дека македонските институции грубо ги кршат основните човекови права и верски слободи, помеѓу другото и заради кршењето на уште еден уставно загарантиран принцип – секуларноста на државата. (*ТВ 24 Вести)*

*Во влошувањето на меѓуверските одно во Република Македонија влијание имаат и институциите кои има и мисија и должност да градат конструктивни односи помеѓу религиите и групите. Ова е докажано и од научни истражувања. Во* најобемното национално истражување, реализирано во Македонија за перцепцијата на граѓаните за религијата и нејзината улога во мултиконфесионалните општества, што кон крајот на ноември 2016 година го спроведоа Институтот за Политички истражувања од Скопје (ИПИС), заедно со веб-порталот РЕЛИГИЈА.МК, со поддршка на фондацијата Конрад Аденауер (КАС) *се истакнува дека во* однос на придонесот на МПЦ и ИВЗ кон меѓурелигискиот соживот и почитување на луѓето со друга религија, 26,2% од православните и слични 24,2% од муслиманските верници сметаат дека тие придонесуваат кон соживотот, а дополнителни 30,1%, односно 17,5% дека донекаде придонесуваат. Сепак 27,1% од православните и 41,6% од муслиманите сметаат дека МПЦ-ОА и ИВЗ многу малку или воопшто не придонесуваат за меѓуверскиот соживот, што е релативно висок процент, особено кај муслиманите.

На прашањето: Дали сметате дека некој се обидува да ја урне меѓурелигиската толеранција во Македонија?, потврдно одговориле 56,6% од православните и 46,7% од муслиманските верници. Како што се гледа од графиконот, само 10.7% од испитаниците се изјасниле дека овие две институции имаат одлична соработка. (Божиновски & Николовски, 2016)

Една друга илустрација е емисијата „На иста страна„ која како таргет ја има тезата „верската толеранција да се замени со соживот„„ и „да се почитуваме а не само како да се толерираме„„ која што зборува за актуелната „грчевита толеранција„„ („На иста страна„„ 5-та епизода)

## 4. ЗАКЛУЧОК

Толеранцијата претставува средишна положба меѓу неподносливоста и полното прифаќање. Како таква таа најчесто е нестабилна положба, која може да се сврти кон едната или другата насока. (Ташева, 2010: 30) Духовниот човек, севесен за различните пристапи кон светот, е благ спрема соговорнкот, но не о дслабоста, туку заради снагата и вољата да запознае поинакви ставови од своите, затоа што само јаките можат да бидат толерантни. (Šušnjić, 2004: 7-16). Специфичната хетерогеност на нашето општество имлицира култивирање на толеранцијата, културна и религиозна, градење на едно општествто во духот на дијалогот и активниот соживот, кој што традиционално сме го имале, но кој ве последно време сериозно е размрднат. Помеѓу недопуштливиот модел на однесување, како што се насилството, толеранцијата е реално остварлива за фукционирањето на религискиот плурализам на Балканот и во РМ. Некои Македонија ја сметаат за модел на успешниот соживот на граѓаните на различни припадности, но податоците од теренот зборуваат за една поинаква состојба: живот еден поред друг а не хармоничен соживот.

Врз база на генералната слика на овие две вариабли препорачуваме:

- Повеќе активности за меѓусебно запознавање на граѓаните од различни култури, етникуми и религии.
- Поголема соработка на општините во аспект на придобивање од добрата пракса на другата општина во доменот на културата на толеранција.
- Организирање на посети за разни празници, особено тие од релиската сфера.
- Соработка помеѓу верските заедници за креирање на атмосфера на дијалог, за генерирање на позитивни пораки кои би придонеле за соживотот.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

БОЖИНОВСКИ, В. – НИКОЛОВСКИ, М. (2016), *Перцепцијата на граѓаните за религијата и нејзината улога во мултиконфесионалните општества.* Скопје: Институт за Политички истражувања од Скопје (ИПИС), религија.мк, Фондација Конрад Аденауер (КАС).

KUBURIĆ, Z. (2013). "Religija i tolerancija na balkanskoj vjetrometini: Znanstveni časopis Religija i tolerancija (2002.-2012.)". *Nova prisutnost*, 11 (2013) 1, 23-36.

MUHIQ, . F. (2007). *Shkupi – kryeqendra e shtatë portave*, Shkup: Skenpoint.

*„Отворено", ТВ 24 Вести, 14.03.2016.*

„На иста страна*"*, ТВ Сител, https://www.youtube.com/watch?v=9LyGSRTC_Vo, 10.06.2017.

PAVLOVSKA, J. et.al. (2011). *Map of Religious Buildings in Republic of Macedonia.* Skopje: Comission for Relations Between Religious Communities and Groups.

POHLE, J. (1912). Religious Toleration. во The Catholic Encyclopedia. New York: Robert Appleton Company. Retrieved June 7, 2017 from New Advent: http://www.newadvent.org/cathen/14763a.htm

RANGUS, E. (2001). "Religious tolerance starts with a definition", *Emory report, http://www.emory.edu/EMORY_REPORT/erarchive/2001/April/erApril.2/4_2_01toleranc*

SIBLOT, P. (1997). *Defining Tolerance*. Montpellier: UNESCO.

Sulstarova, E. (2010). *Në pasqyrën e Oksidentit: Studime dhe artikuj*. Shkup: Logos-A.

ТАШЕВА, М. (2010). „Религиската толеранција низ историјата: Пред и после појавата на христијанството„. *Социолошка ревија*, Бр. IX-X, 29-48.

YILMAZ, H. (2004). "Tolerance as a Principle in the Prophet's Education Activity", *İlahiyat Fakültesi Dergisi*, Vol. VIII / 1, 109-132.